Друштво за производство, промет, проектирање, монтажа и инженеринг
ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ
0307/532/1
17-06 2020 год.
Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
09-5865/1
17-06 2020 год./viti
Скопје - Shkup

# А Н Е К С 2 Н А Д О Г О В О Р О Т

**за изградба на нов училишен објект во м.в. Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци, Општина Студеничани**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**, ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје, Република Македонија, застапувано од министерот за образование и наука Арбер Адеми (во понатамошниот текст „Нарачувач”) од една страна, и

**ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ** Скопје, со седиште на ул. „Ѓорѓе Андреевиќ Кун“ бр.2 Скопје, застапувано од управителот Чедомир Петрунов (во понатамошниот текст „Изведувач”) од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој Анекс 2 на Договорот за изградба на нов училишен објект во м.в. Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци, Општина Студеничани, е изменување на рокот за времетраење на договорот и изведување на работите определени во основниот Договорот заведен со архивски број 19-8660/25 од 08.11.2018 година и архивски број на изведувачот 0307/532 од 08.11.2018 година и Анекс 1 заведен со архивски број 09-6087/1 од 28.05.2019 година и архивски број на изведувачот 0307/233 од 28.05.2019 година.

Овој Анекс 2 на Договор се склучува согласно член 71 од основиот Договор, а со цел да се овозможи понатамошно непречено исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од основниот договор.

Изведувачот има доставено барање до Надзорниот орган бр. 0302-159 од 04.06.2019 година, за продолжување на рокот за времетраење на договорот и рокот за изведба на градежните работи.

Надзорниот орган, достави позитивно мислење бр. 03-910 од 10.06.2019 година, по однос на барањето на Изведувачот, и истото е заведено со наш архивски број 09-5635/1 од 10.06.2019 година.

**Член 2**

Во член 3 од основниот Договор, ставот 1 се менува и гласи:
„Времетраењто на договорот е 29 месеци .“

Ставот 2 се менува и гласи:
„Рокот за изведување на работите е 27 месеци.“

По ставот 3, се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Давателот на услуги во рок од пет работни дена од потпишувањето на овој Анекс 2 на Договор, задолжително доставува Анекс на банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ продолжена за 30 дена.“

**Член 3**

Останатите одредби од основниот Договор за изградба на нов училишен објект во м.в. Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци, Општина Студеничани, остануваат непроменети.

**Член 4**

Овој Анекс 2 на Договорот за изградба на нов училишен објект во м.в. Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци, Оптина Студеничани, влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 5**

Овој Анекс 2 на Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои 2 (два) примерока за Изведувачот и 4 (четири) примерока за Нарачателот.

| | |
|---|---|
| **НАРАЧУВАЧ,** | **ИЗВЕДУВАЧ,** |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | **ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ** |
| **МИНИСТЕР,** | **УПРАВИТЕЛ,** |
| **Dr. Arbër Ademi** | **Чедомир Петрунов** |

Изготвил: Горан Тодороски
Проверил: Милка Масникоса
Согласен: Ѓулија Заири
Согласен: Наташа Хаџи Лега